Врз основа на член 44 од Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис (Службен весник на Република Македонија бр. 34/2001 ) министерот за финансии донесе:

# ПРАВИЛНИК

## за начинот и постапката за акредитирање на издавач на сертификати како и обликот и формата на знакот за акредитиран издавач

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката за акредитирање на издавачи на сертификати (во понатамошен текст:: издавач )

### Член 2

Акредитацијата на издавач на сертификати е доброволна и се врши со упис во Министерството за финансии.

### Член 3

Акредитацијата се врши со писмено барање или со барање во електронскиот облик на акредитираниот издавач.

Во барањето за акредитација од став 1 од овој член издавачот треба да ги наведе услугите кои што сака да ги врши, доколку не се одлучи за сите порано наведени услуги кои ги врши.

Министерството за финансии, при акредитацијата на издавач ги користи податоците и техничката документација дадена од издавачот при неговиот уписот во регистарот на издавачи.

### Член 4

Барањето за акредитацијата на издавач на сертификати се поднесува до Министерството за финасии.

### Член 5

Документацијата поднесена со барањето за акредитација од издавачот се чува во Министерството за финансии, како службена тајна.

### Член 6

Пред акредитацијата се врши преглед и проверка кај издавачот на инфраструктурата дадена во описот што го дал.

Доколку се утврди дека инфраструктурата кај издавачот не одговара на описот или не е во согласност со законот, барањето за акредитација ќе се одбие,а издавачот има право на приговор согласно закон.

### Член 7

Издавачот кој поднел барање за акредитација и кај кој со преглед и проверка ќе се утврди дека ги исполнува условите се упишува во регистарот на акредитиран издавач.

### Член 8

За секоја промена на условите настанати по уписот во регистарот на акредитирани издавачи, издавачот треба писмено да го извести Министерството за финансии.

Ако Министерството за финансии, дојде до сознание дека се настанати промени за кои акредитираниот издавач не го известил, ќе го повика да достави документација за настанатите промени и ќе изврши преглед и проверка на истите.

Доколку акредитираниот издавач не постапи по барањето на Министерството за финансии или по промените не ги исполнува условите утврдени со закон, се брише од

регистарот на акредитираните издавачи на сертификати.

## Член 9

Регистарот на акредитирани издавачи на сертификати кој се води во електронски облик и се потпишува со општоприфатлив електронски потпис, се објавува на интернет.

## Член 10

Акредитацијата на издавачите на сертификати се докажува со посебна ознака која по упис во регистарот на акредитирани издавачи, издавачот може да ја користи во сите хартиини документи или документи во електронски облик.

## Член 11

Обликот и формата на ознаката за акредитиран издавач на сертификат е: стелизирана голема буква **А** во алгериан фонт впишана во центарот на двослојна кружница. Околу кружницата стои текстот: "акредитиран издавач на сертификати".

Ознаката за акредитиран издавач е дадена на образец, составен дел на овој правилник.

## Член 12

Овој правилник стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр | МИНИСТЕР, |
| 17.август 2001 година | Никола Груевски |